ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 336 од Законот за трговските друштва, Собранието на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата одржана на ден 03.04.2023 година ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за отуѓување сопствени акции

Член 1

Се одобрува отуѓување на сопствени акции на Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД Скопје стекнати до одржувањето на годишното собрание на друштвото на ден 03.04.2023 година, како и акциите кои ќе бидат купени согласно Одлуката на собрание на друштвото од 03.04.2023 година.

Член 2

Целта поради која се отуѓуваат сопствените акции е одржување стабилност на компанијата и усогласување со законските одредби.

Номиналната вредност на една обична акција на АЛКАЛОИД АД Скопје изнесува 25,56 ЕВРА.

Член 3

Сопствените акции кои се предмет на отуѓување се со право на глас, по принципот една акција дава право на еден глас во собранието на друштвото.

Согласно законските прописи и Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, акционерите исплатата на дивиденда може да ја добијат во пари, во акции, во пари и акции.

Член 4

Постапката за отуѓување на сопствени акции ќе се спроведе согласно одредбите од Законот за хартии од вредност.

Член 5

Собранието на друштвото го овластува Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје поблиску да ги определи начинот на продажба, цената и другите потребни активности и податоци утврдени во Законот за хартии од вредност и да изврши измени и дополнување на оваа Одлука.

Член 6

Купувачите на сопствени акции на АЛКАЛОИД АД Скопје ги стекнуваат сите права од акциите согласно Статутот на друштвото и законските прописи со денот на уписот во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Член 7

Согласно законските одредби и Статутот на друштвото, обичните акции им даваат на нивните сопственици:

- Право на глас во собранието на друштвото;
- Право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
- Право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на друштвото.

Член 8

АЛКАЛОИД АД Скопје по завршување на постапката за отуѓување на сопствените акции, во рок утврден со Законот за хартии од вредност, ќе ја извести

Комисијата за хартии од вредност и јавноста за количината на запишаните и уплатените хартии од вредност.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на АЛКАЛОИД АД Скопје
Претседавач